НАШИТЕ ПРВИ 20 ГОДИНИ
1994 - 2014
www.gs1mk.org.mk/20godini
GS1 е-ИНФО
Бр.29 - јануари 2016

# Почитувани читатели на е-ИНФО на GS1 Македонија

И во Новата 2016 година продолжуваме да се дружиме со Вас и да Ве информираме за најдобрите деловни практики за примена на GS1 стандардите во различните области на Вашето работење и живеење, за трендовите во нивниот развој и напредок, иновациите, како и за актуелните настани и интересни случувања на глобално, регионално и национално ниво.

Посакувам во Новата 2016 година сите заедно да се отргнеме од просечноста и да бидеме поинакви, подобри и покреативни, да се стремиме кон врвни резултати, производи и услуги. Тоа е единствената гаранција за нашата егзистенција, но и за мотивацијата и за успехот. Се надевам дека 2016 година ќе биде уште поуспешна од претходната, но многу поважно е успехот да биде заеднички!

GS1 Македонија преку е-ИНФО-то во континуитет сервира свежи информации кои се од големо значење за сите читатели. Тоа е така бидејќи секоја информација претставува сигнал или индикација, нова можност, укажување на потребата за промени или констатира одредени состојби во секторот или пазарот. Во денешното турбулентно време, кога секојдневно се менуваат потрошувачките навики и каналите на дистрибуција, еволуира и начинот на планирање на стратегиите на водење бизнис. Нашиот весник е расадник на нови идеи, промени, информатор за светските трендови, мотиватор и инспирација, генератор и тригер за зголемување на конкурентноста кај македонските компании.

Голема промена во начинот на кој компаниите ги споделуваат информациите за своите прехранбени продукти ќе се случи во мај оваа година. GS1 Глобалната мрежа за синхронизирање на податоци (GS1 GDSN) ќе биде преструктурирана и рационализирана за да биде во чекор со барањата за брзи и точни информации за продуктите. GDSN мрежата им овозможува на трговските партнери, глобално да разменуваат податоци за продуктите преку автоматски и ефикасен начин.

Во овој број Ве информираме за пет начини како да се подготвите за споделување на информациите за вашите продукти во 2016 година.



Слаѓана Милутиновиќ,
извршен директор

# Пет начини како да се подготвите за споделување на информациите за вашите продукти

Голема промена во начинот на кој компаниите ги споделуваат информациите за своите прехранбени продукти ќе се случи во мај оваа година. GS1 Глобалната мрежа за синхронизирање на податоци или скратено GS1 GDSN ќе биде преструктурирана и рационализирана за да биде во чекор со барањата за брзи и точни информации за продуктите. Новата верзија на GDSN ќе биде активна од 6-ти мај 2016 година. GDSN мрежата им овозможува на трговските партнери, глобално да разменуваат податоци за продуктите преку автоматски и ефикасен начин.

## Зошто GS1 GDSN носи бенефити?

Денес, задоволувањето на потребата од точни и конзистентни информации е клучно за водење на успешен бизнис. Со точните податоци не само што се зголемува ефикасноста на синџирот на снабдување, но исто така на крајните корисници им се исполнува очекувањето да со само еден клик врз бар кодот на продуктот ги добијат сите потребни информации за истиот. GS1 Каталогот на производи на македонските компании е еден таков извор на доверливи организации и алатка преку која македонските компании во блиска иднина ќе можат да станат дел од глобалната GS1 GDSN мрежа. Голем број на регулативи кои се во исчекување го забрзуваат создавањето на доверливи извори на информации кои се ажурираат редовно.

GDSN мрежата е важен дел од GS1 Системот на стандарди кој што е најраспространетиот систем



на стандарди што се користи во синџирите на снабдување низ светот. Системот овозможува користење на заеднички јазик за идентификација, зачувување и споделување на информации низ синџирот на снабдување со цел да се обезбеди подобар податочен квалитет и поголема ефикасност. Улогата на GS1 GDSN е да осигури дека податоците кои се споделуваат меѓу трговските партнери се во согласност со GS1 Стандардите и се поврзани со физичкиот проток на добра и сервиси со протокот на информации. Со GDSN, производителите на храна, дистрибутерите, маркетите и операторите со храна имаат пристап до исти ажурирани податоци. GDSN мрежата овозможува континуирано споделување на информации за продуктите како димензии на пакувањето, нутритивни факти, состав, алергени и дали храната е без глутен, по Кошер или Халал стандард, веган или органска.




На сликата погоре е даден сликовито протокот на информации низ GDSN

## Зошто се прави промена на постојниот GDSN стандард?

Користењето на GDSN се проширува во различни индустриски сектори, а со тоа се појавува потреба од поголема рационализација во делењето на информациите. Промените се наречени „Level 3 Major Release" и претставува комплетна промена на верзијата (од 2.8 до 3.1) и истата не е компатибилна со претходните верзии – корисниците не можат да ги користат претходните верзии кога оваа нова верзија на GS1 GDSN ќе биде активна. Верзијата 3.1 е дизајнирана да одговори на сите барања на пазарот како регулаторните барања, барањата на крајните потрошувачи или B2C и да ја зголеми брзината на проток на информации низ синџирите на снабдување ширум светот. Како и првата верзија на GDSN мрежата во 2005 година, оваа верзија сериозно ќе има влијание врз прехранбената индустрија и индустријата за производство на алкохолни и безалкохолни пијалаци, бидејќи постојат голем број на подобрувања во однос на начинот на кој податоците за прехранбените производи и алкохолните и безалкохолни пијалаци ќе се разменуваат. Дел од атрибутите за опишување на продуктите ќе се разменуваат, дел што до сега беа опционални ќе станат задолжителни и ќе има преструктуирање на форматот на пораката.

## Како успешно да се премине кон оваа верзија на GDSN?

Времето за премин кон оваа верзија на GS1 GDSN е кратко, но позитивно во негативната ситуација со компаниите во Македонија е тоа што до сега ни една компанија не е директно застапена во оваа GS1 GDSN мрежа. За глатка транзиција кон оваа нова верзија на GDSN потребно е да се преземат следните пет чекори:

1. Да започнете да се едуцирате за оваа транзиција. Вооружени со високо разбирање на GS1 GDSN новата верзија, организациите можат да ја елиминираат шансата да бидат ставени во незгодна ситуација од овие промени и компаниите ќе знаат какви прашања да постават до своите „податочни базени" (информатички провајдери кои посредуваат во поврзувањето со GS1 GDSN Мрежата) и своите трговски партнери за време на подготовките за премин или имплементација на новата верзија на GS1 GDSN.
2. Консултирајте се со Вашиот сертифициран податочен провајдер. GS1 сертифицираните податочни базени веќе се подготвуваат за транзиција кон новата верзија на GDSN. Контактирајте го Вашиот посредник или изберете податочен базен за да дефинирате транзиционен план, бидејќи не сите компании ќе бидат подеднакво зафатени од оваа промена. Се зависи од нивото на употреба на GS1 GDSN. Податочните базени имаат документи подготвени за Вас за тоа како ќе влијаат овие промени и тие можат да постанат основ за истражување за тоа колку вашата компанија треба да се подготвува за оваа транзиција да ја дочека подготвена.
3. Доколку се уште не сте дел од GS1 GDSN контактирајте ја GS1 Македонија за повеќе информации за сертифицираните податочни базени кои се во согласност со GS1 Стандардите. GS1 Македонија има свој сопствен податочен базен претставен преку GS1 Каталогот кој што е изработен по сите GS1 Стандардни, но се уште не е сертифициран и дел од глобалната GS1 GDSN мрежа. Процедурата за сертификација е во тек. Истиот е синхронизиран со сличен на себе каталог од Русија – FoodGate во кој се видливи сите производи од македонските компании внесени во GS1 Каталогот.
4. Создадете внатрешен корпорациски план. Професионалците во полињата на информатички технологии, податочен менаџмент и податочна синхронизација се првите кои ќе се сретнат со новата верзија на GDSN. Сепак корисно е со оваа верзија да бидат запознаени и одговорните за логистика, безбедност на храна и продажба. Доколку се уште не сте дискутирале на оваа тема интерно во Вашата компанија сега е време да го направите тоа и да направите план со чекори кои треба да ги преземете.
5. Процедурите кои ги користите внатрешно или со вашите трговски партнери можеби ќе бидат променети после 6-ти мај. За време на периодот на транзиција GDSN мрежата нема да биде достапна 5 до 6 работни дена. Бизнисот и покрај овој прекин треба да продолжи да функционира, затоа продискутирајте со Вашите партнери како ќе разменувате податоци за постојните или нови продукти за време на периодот на транзиција.
6. Одредете буџет. Одредете буџет што ќе Ви биде потребен за оваа транзиција. Трошоците се само мал дел од она што Вашата компанија го има потрошено првиот пат кога имплементирала GDSN. Во буџетот предвидете трошоци како промена во IT инфраструктурата, податочно мапирање, промена на деловните процеси при прибирање на податоци и други обврски кои би произлегле од новиот стандард.
7. Следете ги новитетите за GS1 GDSN. Сите новитети за овој стандард се дадени на страната http://www.gs1.org/gdsn , постојат и дополнителни информации или алатки кои можете да ги пронајдете со пребарување на некој од интернет пребарувачите доколку во нив впишете „ GDSN v3.1 Major Release standards "




GS1 Каталог
Ваш извор
на квалитетни
податоци
www.gs1katalog.mk